Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка
**Проект: „Фасадата држи темелите тонат“**
**Финансиран од НЕД**

1. **За Проектот**
   - **Име на проектот**

     **Довербата** е она што институцијата ја разликува од друга организација, компанија, или од човечки однос. На пример, **бракот е најсилната институција на светот**. Да прашаме „дали верувате во бракот“?

     Ако се изгуби довербата во една институција таа се де-институционализира и на нејзино место се институционализира нешто друго, за да задоволи одредена потреба на човекот.

     **Тоа е и поентата на проектот:** Каква е состојбата со граѓанската доверба во институциите и дали голем дел од нашите невољи потекнуваат токму од недостатокот на доверба во нив?

     За институциите во јавноста се говори на **потполно неадекватен начин**, а уште е понеадекватен начинот на кој се говори за довербата во нив.

     Ова е и **<u>наша реакција</u>** на многуте анкети и истражувања за довербата во институциите, во кои мошне паушално и митингашки се говори за таквата доверба.

     Што значи ако еден граѓанин го застанете на улица и го прашате: „Дали им верувате на институциите“, или „Дали му верувате на судовите“? Ниту нешто сте прашале, ниту нешто ви одговориле, затоа што тоа е повеќе-слојно прашање, кое вклучува претходни убедувања на човекот и негов став кон заедницата. Исто така, никој не го испитува степенот на самото граѓанско познавање на надлежностите на институциите за кои се бара прост одговор, како на пример: „Дали верувате во апелационите судови“? Молам? А што работат тие?

     За да ја илустрираме сложеноста на ова прашање, само да кажеме дека и жалбената постапка, двостепеноста на сите постапки... е институт. Зар треба да прашаме: „Дали верувате дека воспоставениот систем на двостепеност во постапките обезбедува адекватна заштита на правата на граѓаните“? Кој ќе ви одговори на тоа? Ќе анкетираме правници или граѓани?

     Сложеноста на феноменот на граѓанската доверба во институциите и испитувањето на истото дава огромни **можности на политиката за манипулација** со јавната доверба и партиите тоа го прават. Проценката на степенот на доверба во институциите, од смртно сериозна работа, партиите ја претворија во лакрдија. Тоа го прават и во невладиниот живот.

     **Тоа ја убива дискусијата и проценката** за едно од најважните прашања, ја блокира анализата за тоа како нашите институции работат, дава лажна слика за нашиот пат кон ЕУ, НАТО, квалитет на животот...

     Заради тоа е и направен овој проект да проговориме за јавната доверба во институциите, на еден адекватен, научен, социолошки коректен и пред се, корисен начин, кој би бил еден вид граѓанска едукација и притисок врз партиите и посебно врз властите, да отворат јавна и нефингирана дебата за нашите институции, тројната поделба на власта и што таа значи за институциите, системот на копетентност и лојалност и нивниот сооднос, квалитетот на услугите на нашите институции...

     Заради тоа ние предупредуваме: Батали фасада, гледај темели... А темелите се довербата во институциите и јавниот морал, кој е базентот, во кој плива таа доверба. Тоа е премногу сериозно прашање за да биде оставено само на партиска пропаганда.

     Заради тоа е и името на проектот „Фасадата држи, темелите тонат“, со кое се порачува дека во партиската битка за докажување и контрадокажување на некаква доверба во институциите **настрадал јавниот морал**, односно потонале темелите.
   - **Цели**

     Проектот има поставено амбициозна задача да им помогне (некој би рекол: „Да изврши притисок“) на институциите и јавноста (и владата е институција) да започнат конструктивен разговор за состојбата на институциите и јавната доверба во нив, имајќи го пред себе јавниот морал како рамка во која се разговара.

Овој проект сака прашањето на јавна доверба во институциите **да го расчлени на составни делови**, за да може да се анализира, како тие делови се перцепирани од граѓаните и како сите тие одговараат на постулатите на јавниот морал.

Проектот сака да постави и методологија, со која ќе се анализираат елементите на јавниот морал, а тоа е **Општествено – структуираниот дефект (ОСД),** како рамка на релативизација и рационализација на постапките, кои се дел од арсеналот за девастирање на јавниот морал.

Проектот сака да пласира и идеологија за **„Институциите како трета страна"** во контекст на општествените судири (од идеолошки, па до политички), заради фактот дека државата не може да се развива во ситуација на постојани судири и недоразбирања, односно, во ескалирано - конфликтно општество.

- **Проектна интенција** да пласира нова методологија за борба со „когнитивната дисонанца", која ја предизвикува владата со нејзините медиуми (методологија за инсталирање конфликт на идеи во свеста на граѓаните, за да не бидат во можност да направат разлика помеѓу реалноста и фикцијата на пропагандата).
- **Контролни точки на проектот:**
  - Постигнување заедничко разбирање на концептот на институционална стабилност, тројна поделба на власта и мерит системот, по кој институциите треба да бидат сетирани;
  - Креирање јавен имиџ на проектот како непартиски и кредибилен извор на информирање
  - Импакт на анкетните резултати на свесноста на граѓаните и повишување на нивната резистентност на активирање на чувството на загрозеност – застапено во политичката пропаганда
  - Воспоставување граѓанска солидарност против политизацијата на институциите и развој на „чувство на сопственост" врз институциите
  - Инволвирање на експертската јавност во јавното разбирање на методот **"Headlining the crisis"** (конципирај ја и адресирај ја кризата)
- **Корист за општеството**

  Овој проект има амбиција да биде корисен за јавноста и да едуцира.
  - Најпрво, стручната јавност сакаме да ја запознаеме со **ОСД синдромот**, за да се вратиме на правилно расудување. Тука ќе ги потенцираме не само политички инструментализираните форми на ОСД, туку и како секојдневна психо и социо – патологија[1] и неодговорност.

    Потоа, проектот сака **да ги демистифицира методите на партиите**, но неретко и на НВО – ите, со кои сакаат да фингираат јавна доверба во работата на институциите. Се разбира, поголемиот дел од анкетите се дел од тој арсенал на манипулацијата.
  - Интенција на проектот е да пласира методологија, со која погрешните постапки на институциите, нашите навики во извршување на работите во институциите (етно – психологија) и непочитувањето на законите ќе ги претставиме на неконфликтен начин преку ТВ глумечки перформанси или преку ангажирана уметност.
  - Исто така, проектот цели и на воспоставување „чувство на сопственост" на граѓаните врз институциите, што ќе делува и на убеденоста на партиите дека со пропаганда е се што наумиле – можно.
- **Активности**

  *Стручни интервјуа со вработени во институциите, анкета за мерење на граѓанската доверба во институциите, панели, ТВ панели, комични ТВ перформанси.*

---

[1] Неа ја има дури и во сообраќајот (на пр. погрешното паркирање и постапки се правдаат со: „имам бре работа, какво погрешно паркирање", „гледаш дека работам, стрпи се – почекај", „гледаш дека брзам, што ако си имал право", „пешак си, стрпи се – гледаш дека сум појак", „ти внимавај да не удриш некого, а сите други нека внимаваат тебе да не те удрат"...)

- ❖ Панелите имаат намера (покрај кажаното) и да го прошират кругот на застапувачи на деконтаминацијата од ОСД, да послужат како поимна алатка во демаскирањето на **институционалната номиналност**, затворање на институциите преку системот на портпароли и забрани за вработените за јавни настапи, партиската криминализација, партизацијата, неефикасноста, затвореноста и нетранспарентноста, претворањето на институциите од „јавна своина – во партиска".

  ОСД е една методска новина, која би требало да се брендира со овој проект, со која би се опфатиле сите видови ерозија и девастирање на институциите, која води до граѓанска недоверба во институциите на системот, а се базираат на традициски матрици.
- ❖ Структуирани интервјуа со 57 вработени во институциите на системот (сите 3 власти), за добивање внатрешна слика на институциите, за да можеме да поставиме научни прашања и да воведеме работни хипотези, кои на терен треба да се проверат со анкетен метод.

  Интервјуата се проверка како „Внатрешната слика на институциите" и како таа се прекршила во јавноста како „надворешна слика" на институциите. Тоа се нарекува fishbowl (аквариум) на видливите манифестации на институциите и ќе послужи понатаму да се види на кој начин институционалната и партиската пропаганда предизвикале одредено искривување на реалната слика на институциите, кои се реални елементи при тоа (цена на услуги, квалитет на услуги, потрошено време за одредена услуга или постигнато право...), а кои се пропагандно постигнати (портпароли, отсуство на експертски објаснувања, неактивност на НВО – ите, пасивност на опозицијата,...).
- ❖ Анкетата најпрво започнува со расправа за досегашните анкетни наоди за довербата во институциите. Како се прават? Дали се реални или „нарачани" од некого? Заради што? Дали се водени научно, методолошки дали се валидни? Дали се тргнува од поставени научни прашања и хипотези, или е тоа „слободен лов на мислења на терен"?

  Анкетните резултати ќе бидат јавно презентирани.

  Резултатите од анкетата ќе бидат критички анализирани од стручен панел и толкувани во светло на актуелните настани. Главна поента на оваа работилница е како тие резултати да бидат претставени, како тоа да биде ефектно и како да не биде досадно.

**Овие наоди би требало да бидат поттик за толкување на квази-каузалноста во Македонија, падот на јавниот морал, фанатичното правдање на криминалот и криминалците - нешто што е повеќе од видливо и слични феномени, за кои не постојат рационални објаснувања, ако не се стави и традицијата во таквата „математика на толкувањето". Да имавме ефикасни институции, тоа ќе беше нивна работа (посебно тука се мисли на судовите)**

**ЗА ТАА НАМЕНА СЛУЖАТ И ПОДОЛУ ПОМЕСТЕНИТЕ ТЕКСТОВИ ЗА ДА СЕ СТАВИ ПРАШАЊЕТО НА ЈАВНИОТ МОРАЛ И НЕГОВИТЕ СОСТАВКИ ПРЕД ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА ЕЛИТА НА МАКЕДОНИЈА И ДА СЕ ОБОГАТИ ПОЛИТИЧКИОТ ДИСКУРС СО НИВ.**

- ❖ Снимање комични ТВ перформанси за демистификација на владината пропаганда со институциите и нивно емитување во рамките на одредени популарни комични емисии.

2. **Општествен капитал (ОК)**
   - Колку се битни ставките на ОК може да се види токму во ваков политички контекст, во кој немало ниту да дојдеме, ако имаше повеќе ОК. Владеењето помеѓу изборите мора да подлежи на серија контролни мерки, но најважно е од се, да не се кршат основните договори или ОК. Слободните и фер избори и гласачкото право требаше да бидат ОК...

- ❖ **ОК треба да биде и општественото планирање**. Едноставно е: во едно општество е се потребно и стандард и патишта и вработување и споменици. Прашањето е по кој редослед да се трошат „броените буџетски пари“!!! Ако тоа го нема, а приоритетноста се одредува заради желбите на владетелот, тогаш имаме „фараонско планирање“ и „фараонски одлуки“.Ние сме немале досега планери, туку фараони: Нивната желба станува општествен приоритет, па парите се трошат за сомнителни визии, кои се недокажани, непродискутирани, општествено нефундирани. „Проектите“ се вистинска слика на таквиот начин на размислување, како „истресени од ракав“, со образложенија за нивната оправданост, кои се повеќе ненаучна фантастика и своеволно толкување, отколку акција во вистинска насока.

  Проектите се општествен инжинеринг и тоа треба да биде објаснето во јавноста.

3. **Институциите како „трета страна“**

Прашањето на институциите е најважно при ваквите видови договарања, кои нема да зависат од резултатите на изборите. Независните институции се „третата страна“, за која со години се говори во медиумите, при партиски или општествени несогласувања, различни концепти... Тие се „експертска власт“, која судирите ги „пропуштаат“ низ законите, социјалните договори и јавниот морал, па се јавуваат како „страна, која ја кажува вистината“ во секое несогласување, па ќе имаат доверба кај граѓаните. Ако не, партиите остануваат сами на јавната сцена, што не е добро за никого, па ниту за нив. Да се биде трета страна, самото по себе подразбира независност од творците на политички дискурси.

4. **Доверба во институциите и нивна улога на чувари на општествениот морал**

Не е прашањето на довербата во институциите поврзано само со делувањето или неделувањето на партиите. Без кредибилни, независни и предвидливи институции нема ниту **јавен морал.** Кој ќе каже што е морално, а што неморално? Знаеме дека партиите се групи од интерес, а се повеќе се само кадровски групи, кои не носат никаква идеологија. Тогаш институциите стануваат уште позначајни, а одржувањето на јавната доверба во нив се претвора во прашање на избор помеѓу општествените солуции. Каде да се оди?

Дали може да постојат кредибилни институции на системот, ако тројната поделба на власта и јавниот морал не се подигнати на ниво на **социјален капитал**? Имало многу случаи во светот, но и кај нас, кога насоката на движење и делување на државата била јавна непозналица, но многу малку случаи кога јавниот морал е ставен под знак прашање. Предвидливоста на владата и донесувачите на одлуки, а со тоа и на владеењето е следна ставка, која кај нас е силно нападната, со што јавниот морал е на постојан тест со серија непредвидливи постапки, кои се чинат заради сомнителни интереси, кои не се општествени, корисни, планирани, јасно насочени кон долгорочност, одржливост, развој...

Предвидливоста е една од најбараните ставки кај странските инвеститори и меѓународната политика. Развиените земји знаат дека само земја со капацитет може да постигне предвидливост, со што политиката станува здодевна работа, која граѓаните не ги занима многу. Ако сето го нема, тука настапува Општествено структуираниот дефект (ОСД) ако се задоволени општествените и колективно – психолошките (социолошки) премиси. Тука завршува теоретизирањето и започнува Македонија.

5. **Руинирање на јавниот морал и јавната каузалност, заради напад врз демократски вредности и институциите (криминални и незаконски потреби на владеењето)**

Демократските вредности и институциите, како центар на истите се силно нападнати и постојано се девастираат од гарнитурата на власт. Партизацијата на институциите е само дел од целокупната стратегија. Логично е да се претпостави дека тоа треба да наиде на јавна осуда, но кај нас тоа не е така, за што доказ е нарушената јавна каузалност. Што ја блокирало јавната каузалност, а со тоа и јавниот морал, за тоа да се случи. Да се каже едноставно: „Пропаганда“, не е доволно и мораме да понираме подлабоко во неа, за да разбереме со што си имаме работа.

**Анкетата за јавна доверба во институциите на системот овие поенти ги имаше во центарот на својот интерес и несомнено докажа дека јавната каузалност и јавниот морал се значајно повредени, а когнитивната дисонанца кај граѓаните ги следи скоро во секоја изјава, барем во нелогично високата дистрибуција на бесмислени одговори од гледна точка на јавниот морал.**

### 5.1. Општествено структуиран дефект (ОСД)

**ОСД:** Традициски механизам[2] за прифаќање на неморалното, аберантното, и општествено девијантното, кое наместо да се осуди и отфрли (санкционира), се прогласува за општествена вредност и/или **општествена практика** или „фаза кон подоброто". Ова се применува и на личните постапки, со кои луѓето понекогаш се фалат, иако се за осуда, и се користи[3] во светот на политиката, за да се бранат криминални политики, дејствија, партизација, кршење на закони, неетичност и неморалност и секој вид аберација и девијација, која е во корист на властите (опозиционерот би го уапсиле за иста таква работа, односно, би се соочил со „институционален одговор").

ОСД се употребува несвесно и организирано, но несвесното е услов за организираното (ако ја нема како форма во една традиција, не може ниту да се инструментализира).

**Организирана или јавна форма на ОСД има само во случај на институционален молк и/или непостапување, како и во случај на потполна дисфункционалност на тие институции.**

Како и да е, кога се појавува ОСД, во услови на постоење на институции, се работи за манипулација од властите[4], воспоставување култура на незаконие како предоминантна форма на владеење, кои сите заедно мора да бидат следени од робусна пропаганда.

**Појавна форма** (вербализирана) на ОСД се квази – традициски изреки, ставови, досетки за релативизација на моралното. Така, на обвинување за криминал, народот мисли дека криминалецот само ***„се снашол"***, дека ***„така морал – така правел"*** или се проектира криминалот како очит избор, кој е секогаш поврзан со вршење на одредена работа – посебно ако се работи за функција: ***„и ти да беше – така ќе правеше"***?

ОСД се појавува и како продолжеток на вршење криминална практика, која порано не била санкционирана**.** Така, на обвинувања за криминал, нанесена штета, неетичка постапка ... често слушаме и во самиот Парламент: ***„ами во ваше време вие правевте полошо"***, ***„а вие што правевте кога бевте на власт", „да не беше подобро во ваше време (порано)"...***

Ваквите обвинувања би биле јасен сигнал за институциите (обвинителите) да превземат акција, но нереагирањето на институциите е веќе однапред познато (затоа што и <u>институционалниот молк и пасивност кон злоупотребите на власта</u> **се веќе општествено структуирани**, **како дефект),** па останува само да се збуни јавноста и да се релативизира криминалното во форма на ОСД. Навистина, во случај на нефинкционални институции партиите остануваат очи – во очи со народот, кој (видовме) може многу лесно да се манипулира.

Од една страна имаме ОСД политичка изјава наменета за јавноста, од друга страна имаме институционализација на ОСД – то. Но, која е „изјавата на институцијата" за сопствено правдање за непостапување и нереагирање? Дали и тука имаме работа со митологизирана стварност?

**Операцијата на ОСД е по тип рационализација**, а објаснувањата лежат во народната култура (етнопсихологија) и „народните верувања ".

**ОСД е манипулација, односно релативизација на значењето**. Ние знаеме дека тие велат едно а прават друго, но ОСД не е вредносно неутрална категорија. Таа

---

[2] Дефект, кој е општествено прифатен како практика, но и принцип и механизам на таквото општествено признавање и кодирање во општествените токови.

[3] Во Македонија не е констатиран таков случај на јавно користење на ОСД пред доаѓањето на ВМРО – ДПМНЕ на власт во 1998 година, потполно замре од 2002 до 2006 година, за на крај да поприми драматични размери со владеењето на оваа гарнитура.

[4] Под „власт" се подразбира вистинските, односно вистинскиот владетел, а не номиналниот. На пример, едно време во Италија тоа беше мафијата, а не државата (или тие беа исто).

правда и останува како систем во размислувањето на јавноста. **ОСД е механизам и заради тоа е опасен феномен**.

***ОСД е механизам и замена на причинско – последичните врски со ирационални.***

ОСД постапките се акумулираат и го поттикнуваат лошото владеење, културата на незаконие, културата на празна номиналност наспроти суштина...

Сето ова го знаат некои **подобри агенции**, ги советуваат властите, ги предвидуваат ефектите на скандалите во Македонија. ОСД е посебно опасен ако е политички мотивиран и поддржан и води до **руинирање на јавниот морал**, а го изместува и контекстот, во кој се одвиваат постапките.

**ОСД е форма на рационализација на стравот**, а понекогаш е „когнитивна дисонанца", односно појава на граѓанска дезориентираност, во која збунетиот граѓанин се држи до она што е наједноставно за него, за она што е веќе практика или за она што не му троши ментална енергија. Најчесто, граѓаните го развиваат ОСД одговорот, кога се многу уплашени за својот опстанок, позиција, моментна корист или кога не гледаат излез. ОСД е традициски базирана рационализација, која може да биде и фикција**.** Како и да е самото признавање на постоење на ваков дискурс води до отсуство на јасен став и осуда на социопатологијата, со што таа станува **патологија на секојдневието.**

### 5.2. Фатализам[5]

Каде се корените на можноста за постоење ОСД кај рационални суштества? Можеме да кажеме: сме преживеале, значи рационални сме во огромен дел и покрај магиското и религиско гледање на устројството на светот.

**Фатализам е верување дека е се однапред одредено од некаква виша сила.** Тоа значи дека и не е битно што човек прави, заради тоа што е се однапред одредено.

**Во наш случај, имаме неколку локални операционализации на фатализмот.**

Прва е „Митот за копилето".

Имено, кај нас постои еден парадокс, кој звучи потполно нелогично, но се случува често во вербални дискурси: „*остави ме мене, не ме знаеш што копиле сум*". Како може некој да се фали на тој начин? Логичко објаснување нема, освен да се даде една **етно-експликација**, односно објаснување преку митологијата, или преку она што од митот останало (митовите се губат, но остануваат во културата дејствијата на митот, кои се вткајуваат во скоро се). Оваа „пофалба" е мошне присутна во Македонија, во форма на врвна пофалба за способностите на некого. Така ќе чуете: „***Ги зафркна копилено едно, ги пренесе жедни преку вода! Алал да му е", „Со тоа копиле не фаќај работа – многу е паметен", „Со мене фатил работа, а не знае што копиле сум јас", „Вие гледајте си за себе, оставете не нас, ние сме копилиња", „алал да му е, права гнаса е – ги извесла", „види го скапанион еден колку научил – чудо од човек е"....*** Едноставно, нашиот народ се фали со овие максими, иако истите служат и за кудење: „Копилено едно не излажа", „Таму се сите копилиња, бегај од нив"... Како е ова можно? Наместо тоа прашање, **неизбежна е констатацијата**: Ова не е современо, туку традициско размислување, штом е забележано во сите делови на Македонија и во собраната народна литература, но и ден - денес.

Интересно е тоа дека овие „пофалби" се резервирани само за машкиот пол.

По форма и овој мит е **ОСД и бара етно – експликација!**

**5.3. Митот за „копилето"** е стара и позната работа. Во серијата митови за „копилето со **к'смет**", ликовите, местата и контекстот можат да се менуваат, но дејствијата и функциите на ликовите остануваат исти. Приказната оди вака: Кралската ќерка (или некоја друга благородна или богата персона) родила вонбрачно или „сомнително зачнато" дете (секогаш е син) и знаејќи дека ќе биде убиено од нејзиниот татко – Царот (од нејзиниот маж, од некој друг душман...), го ставила во корпа, го пуштила по река (го оставила на одредено место, го ставила во некаква слама...) „за да си ја најде среќата",

---

[5] „Не се бега од пишаното", „така му било пишано", „Ако господ сакал, ќе си имал пари"... тоа е народната појавна форма (дискурс), а значењето е дека на секој човек судбината му е однапред одредена од вишо суштество (Бог). Самото верување во Трите наречници е сосема во согласност со ова верување и тоа претставува народна операционализација на фатализмот.

односно да се спаси. Него го наоѓа некоја жена (вообичаено е нероткиња), која е богата, па дури и благородна, го негува, го израстува.... Детето израснува и прави големи подвизи, покажува извонредни способности, но најчесто, го освојува престолот од својот дедо (татко, стрико, поробител...). Тука се демонстрира вера во судбината („Родиме мајко со к'смет и фрли ме на буниште"). Најденото дете е копиле, а во народот копилињата се одликуваат со извонредна животна сила, памет, способности. Се претпоставува дека неговиот вистински татко е Бог или (барем) натприродно суштество. Ова е потполно во склад со народните верувања дека се е однапред пишано (**верски фатализам**). Заради тоа, со изразот „јас сум копиле", говорникот изразува прастара максима дека „моето потекло е боженствено" и/или „мојот к'смет е извонреден", но може да се протолкува и како „моите вродени способности" се огромни, заради мојот божествен татко. Многу римски династии своето божествено потекло го „докажувале" на овој начин.

**Копилето е змеовче:** Кај нас имаме и една друга етно – експликација, која била мошне присутна скоро во сите села, а денес се памети само во неколку, посебно ако во близината на селото има пештери. Порано (има јасни трагови на ова верување до шеесеттите година на минатиот век) селаните верувале дека секое село има свој змеј, кој го брани селото од градоносните облаци и ги носи дождовните облаци над селото. Тој можел да се претвори во прекрасен маж и да живее во селото. Кога некоја девојка ќе затруднела немажена (може да биде и вдовица, жена чиј маж е долго отсутен...), а селото не гледа „кандидат" за татко, селаните верувале дека е тоа дете на змејот, со кого била таа девојка. **Говориме за пар екселанс ОСД**!!! Ова посебно важело ако е девојката згодна и убава (змејот не бира што – годе). Кога таа ќе родела дете, тоа било „змеовче", односно идниот заштитник на атарот на селото. Селаните верувале дека тоа копиле ќе им донесе добробит на селото и атарот. Така, една појава која селаните би ја осудиле и жигосале, а понекогаш дури и би ја санкционирале со убиство на детето и родилката, наеднаш станува општествено призната, па дури и вметната (структуирана) во структурата на тоа мини општество.

Гледано етно – социјално, овие заедници го легализирале несоодветното и осудиво однесување и појави заради материјалната корист, но и заради **стравот од превземање акција.** Ако не го признаеш змеовчето, ќе мора да се бориш со змејот!!! Крај на приказната: Подобро да се правиш супер религиозен и недоветен, отколку да се бориш, со неизвесен исход. Народот тоа го правел во секоја прилика, посебно ако се сетиме на неповолното опкружување.

Оваа рационализација на кршењето на општествениот морал била и е македонска судбина. **Ние секогаш ќе ја отфрлиме борбата за идеали, ред и поредок, морално општество... во замена за било каков мир, па дури и со наведната глава.** Едноставно, ова е ОСД.

Идеален вид на ОСД, кој е факт од нашето минато, се **Русалките**. Русалките се падавичарки (веројатно заради блиските извори на вода, која е контаминирана со тешки метали, а многу повеќе делува на жените), кои од заедницата биле прогласени за пророчици, за таа мини – заедница да не се распадне[6]. Кога имаат напад, заедницата говори дека тие се во ритуален транс и комуницираат со онеземското, па така и прорекуваат. **Негативното станало идеал!!!**

### 5.4. Магиски помагач, кој е валидизација на „избраниот"

Мошне специфична форма на фаталистичко верување е вербата дека ништо не е во наши раце и дека за остварување на желбите е потребна некаква онеземска помош, односно дека успехот и остварувањето на желбите не е можна без согласност на „оној" свет. Овие верувања се централни места на сите наши обреди и ритуали, па дури и свадбата, крштевката, митовите за богатство...

Основа на верувањето дека не е можен успех без „онеземска" помош е верувaето во магиски помагач, кој е скоро 100% распространето во приказните. Имено, секој јунак, на патот кон змејот, штеточината („нанесувач на штета") мора да пронајде магиски помагач, кој ќе му помогне да го победи предизвикувачот. Таков може да биде некакво

[6] Тоа би довело до „недостаток на жени за мажење", а земањето жени од друго село е санкционирано со правото на прва брачна ноќ на чифликсајбијата, чија сопственост е селото.

животно со магиска моќ, свети води, камења... Како и да е, помагачот мора да има оноземски моќи.

Од своја страна, тоа знали дека не поединецот, туку оноземската сила ја добива битката, а „избраникот“ е само случаен.

Преведено во современ јазик, **ние не прашуваме што си постигнал, туку: Кој ти помогнал во тоа**. Вистина е дека за скоро сите успешни бизнисмени има верувања, кои не се ниту тајна, дека некој – некому помогнал, односно, дека бизнисменот успеал само заради помошта „од некого“.

Ова ја демонстрира нашата ултимативна убеденост дека ништо не е во наши раце и можности. За нашите успеси е заслужен „друг“.

6. **Други извори на традиционалниот јавен морал или етнопсихологија**

Друг традициски (по малку и историски) извор на релативизација на моралното, односно социопатолошкото, лежи во потполно и несомнено докажаната **„пљачкашка економија“**, која владеела на скоро сите простори на Балканот, но и пошироко, која скоро никогаш и не престанала барем 1500 години. Тука имаме не само класичен грабеж (оружена) на добра од „другите“, кражби од други атари, од богати, развиено арамијство како економска гранка, туку и „херојство“ при тоа. Одредени грабежи се сметаат за сосема морални.

Ако на тоа ги додадеме многуте примери на духовити и скоро „комични“ измами заради корист и „земање со кладба“, кои се одвиваат преку „надмудрувања“, „измами“, кривоклетство... и отвореното правдање на самиот чин и стекнатото добро, имаме огромен арсенал на традициски извори на ОСД, во собраните народни митови, приказни, легенди и народна поезија.

7. **Општествени импликации на ОСД**

Кој е тој магиски помагач во сегашно време кај нас?

Се разбира политичарот!!! Политичарот, заради тоа што е и самиот успешен, е избраник „од некого“, па му помага „некому, кој е избран“ (на бизнисменот, на успешниот човек....). Така, добиваме современ пантеон на „избрани“ од судбината, од бог, од...

**На овој начин не е тешко да сфатиме заради што овие „избрани“ не подлежат на закон, можат да лажат, крадат, да злоупотребуваат, а за тоа да немаат последици, па дури не смее никој ниту да ги праша што прават, тие тоа го знаат и го прават тоа што го прават. Народот ги оправдува како „избраници“, и тоа не е свесен процес, туку само емотивен. Самото „безобразно“ директно прашање кон нив е светогрдие.**

Сето ова е тешко сфатливо за рационалниот ментлитет, со кој сите се гордееме, но дали сме сите ние рационални? Човештвото мораше да го помине патот од ѕвездите[7] до нас самите, за да оствари **рационално општество, кое се базира на едноставна каузалност,** а сега повторно се враќаме во ирационалното, во кое имаме инструментализирана реалност, заради тоа што алатките на демократијата станаа инструментални. Социолозите говорат за „простор“ наместо за време, место и настан во своите обиди да ја дефинираат дискурзивната реалност.

Исто така е тешко да се разбере поддршката на Груевски од луѓе, кои би палеле на клада заради педофилија, погрешно доделен социјален стан, проституирање на девојките... а од друга страна не можат да поврзат прости каузални врски, кои се повеќе од видливи во секојдневието.

Сите овие извори на традициски базирано рационално однесување можат да се инструментализира и во политички цели. Механизмите се тука, скриени во нашата етнопсихолошка структура[8], Ликовите во митовите се заменливи, а битни се само дејствијата и принципот. ***Митот може да стане политички мит,*** кој кај нас се случува пред наши очи: Премиерот го заменил јунакот од приказната, змејот е заменет

[7] Космогонија

[8] Тие се усвојуваат преку социјализацијата, потполно несвесно и на скоро мистичен начин, кој не е потполно непознат. Имено, во повеќегенерациски семејства, овие митски механизми се усвојуваат далеку поинтензивно и по квалитет и по дијапазон. Исто така, овие форми на традициски механизми скоро и да ги нема во земјите со поизграден систем на валидизација на каузалноста, во земјите со повисок степен на образование, со поквалитетно образование и сл.

со странците.... Механизмот и приказната течат понатаму, а каузалноста се претвора во квази-каузалност или „**каузалност по други принципи**". Тоа е исто со секое „допаѓање", анимозитет, одвратност, преваленца... Ние и не знаеме заради што го бираме својот брачен партнер, пријателите, заради што градиме симпатија и антипатија, синергија...

**Каузалноста по други принципи**, во различен степен, појавност и интензитет е присутна во одредени општества со понизок социо – културен стандард, во кои принципите на компетитивност, рационалност, етичност, политичка јавна етика и јавен морал, односно, во општества кои имале револуционерен и коренит прекин на процесот на акултурација – проследен со изолација, на сопствената култура во рамките на светските процеси на рационализација на свеста, општествата, државите.

Какви се тие **каузални принципи**, кои одамна некогаш, но и пред стотина години (кај нас и во околината) биле „наука", „практика", начин на социјализација на деца, начин на комуникација, општествена регулација... или поинаку: Принципи на причинско – последичните врски во традициското општество и како и заради што функционираат и денес?

Дали е дозволиво и методолошки оправдано традицискиот менталитет, односно оние составни делови (принципи) на функционирање на тековите на размислување и градење лични ставови да се стават во контекст на социјалната патологија[9]? Поимот **Социјална патологија** се користи да се означат општествено неприфатливите, непожелните, негативните однесувања во општеството. Значи, се работи за општествени девијации, а можат да бидат и социјални проблеми. Ова се претежно социолошки дефиниции. Се користи и изразот Социологија на девијантноста: Општествени појави, кои изразуваат значајно несогласување на прифатените општествени стандарди и актуелната општествена состојба.

Ако **социјалната патологија** ја дефинираме во смисол на „делатност", односно конкретни постапки, зад кои стои некаков став за причинско – последичната врска на акцијата или „актот", па барем неговите видливи манифестации (постапка, став, мислење, гласање, осуда, согласност, учество на протести или контрапротести, криминално здружување, „помош кон некого надвор или на ивица од законот...) со нормите, законите, позитивните навики и договори, јавно декларираниот морал и/или уставна базираност и не се пронајде позитивна корелација помеѓу едното и другото („актот" = моралноста и законитоста), т.е. се констатира отстапување од општествените норми и договори, па сите појави од редот на ОСД можт да се третираат и во рамки на оваа дисциплина.

Проектот е само рамка, во која би можеле да ги пласираме овие сознанија, за да ја обогатиме политичката мисла со социолошка и антрополошка компонента, заради разбирливост на проблемите на демократијата, лидерството и патологијата на секојдневието, која веќе се заканува да го разнебити нашето општество, ако може да се замисли понизок степен од сегашниот.

---

[9] Предмет на науката се:

- Девијантните однесувања (постапки, кои предизвикуваат општествено неодобрување)
- Општествена дезорганизација (секој вид слабеење, распад на формалните и неформалните обрасци на општествените односи, на кои се заснова организацијата на институција, група, територијална заедница...)
- Општествена реакција (различни мерки за превенција, редукција и/или елиминирање на девијантните општествени појави)

Аспекти на проучување (интерес)

- Појавен или феноменолошки аспект (облик, содржина, појавност, раширеност...)
- Динамички аспект (како се движи низ општеството, како се менува, синкретизира...)
- Етолошки (причински) аспект (причини и услови за настанок на девијација)
- Последичен аспект (тука се и жртвите на општествените околности)
- Акционен (интервенциски) аспект (општествениот однос и реакција